| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предмет:** Ликовно образование | | | | | |
| **Тема:** *Графика* ***3 часа***<br>**Време за реализација:** Во текот на целата година | | | | | |
| Изготвиле: | | | | Од ООУ: | |
| Адаптирале:/ | | | | Од ООУ:/ | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **часови** | **Активности** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
| • Елементи и принципи во графиката; средства и техники за печатење (линија, контраст, текстура, форма, композиција, отпечаток, длабење, валјак, матрица, графички лист, картон-печат, графика, монотипија, колографија, гипсорез, линорез) | • Користи различни средства за печатење, одделно и во комбинација.<br>• Создава графички отпечаток со монотипија и колографија. | 1 | • Учениците креираат подлога за печатење со употреба на техниката Колографија. На пластична или картонска подлога се налепуваат материјали со различни текстури (конец, волница, ткаенини, листови, пердуви, шмиргла, песок и сл.) соцел да се добие композиција која ќе биде составена од различни нагласени структури. На добиената површина се нанесува боја која потоа се печати на хартија, при што се нагласуваат формите со текстура и контраст.<br>• Учениците печатат графички листови со помош на техниката Монотипија. На пластична подлога претходно со боја за печатење учениците со четка сликаат мотив на апстрактна слика или одреден правец во модерната уметност, според претходни упатства и модели прикажани од наставникот. Подготвената подлога се печати на хартија, при што се креира композиција на елементи од различни форми, креирање на единство на елементи и хармонија. | Аудиовизуелни средства<br><br>Средства за печатење (матрица, графички лист – отпечаток, гипс, картон-печат, валјак, јута, волница, чипка, ребрест картон и др.). | Усни одговори,<br><br>Практични активности,<br><br>Изработка на ликовни творби,<br><br>Заеднички творби,<br><br>Ангажирање на учениците |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| • Елементи и принципи во графиката; средства и техники за печатење (линија, контраст, текстура, форма, композиција, отпечаток, длабење, валјак, матрица, графички лист, картон-печат, графика, монотипија, колографија, гипсорез, линорез) | . • Користи различни средства за печатење, одделно и во комбинација.<br><br>• Печати со користење на техниката гипсорез/линорез. | 1 | • Учениците изработуваат графика во две или повеќе бои со техниката Линорез/гипсорез. За секоја боја ученикот треба да изработи засебна графичка подлога. Печатењето се врши редоследно според претходно изработен цртеж на зададена тема Пејзаж или Мртва природа или претходно изработено дело од наставната единица Сликање. Наставникот дава насока да се создаде плошна композиција со нагласување на контрастот на бои. | Аудиовизуелни средства<br><br>Средства за печатење (матрица, графички лист – отпечаток, гипс, картон-печат, валјак, јута, волница, чипка, ребрест картон и др.). | Усни одговори,<br><br>Практични активности,<br><br>Изработка на ликовни творби,<br><br>Заеднички творби,<br><br>Ангажирање на учениците |
| • Елементи и принципи во графиката; средства и техники за печатење (линија, контраст, текстура, форма, композиција, отпечаток, длабење, валјак, матрица, графички лист, картон-печат, графика, монотипија, колографија, гипсорез, линорез) | • Користи различни средства за печатење, одделно и во комбинација.<br>• Применува разновидни плошни форми и текстури од текстил во ликовната техника Картон-печат.<br>• Користи едноставен графички знак или декоративен елемент во печатењето | 1 | • Учениците изработуваат графика во две или повеќе бои со техниката Шаблон/ситопечат. За секоја боја ученикот треба да изработи засебна графичка форма на шаблон. Печатењето се врши редоследно според претходно изработен цртеж на зададена тема Дрво или претходно изработено дело од наставната единица Сликање. Притоа, наставникот дава насока дека при создавањето плошна композиција се нагласува контрастот на бои и се применуваат разновидни плошни форми и текстури од текстил во картон-печатот | Аудиовизуелни средства<br><br>Средства за печатење (матрица, графички лист – отпечаток, гипс, картон-печат, валјак, јута, волница, чипка, ребрест картон и др.). | Усни одговори,<br><br>Практични активности,<br><br>Изработка на ликовни творби,<br><br>Заеднички творби,<br><br>Ангажирање на учениците |